**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-350**
**13.11 2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 92 став 1 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3912/1 од 27.10.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-4077/7 од 10.11.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 36-та седница одржана на 10.11.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), заради извршена повреда на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 5-ти октомври 2023 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3912/1 од 27.10.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 92 став 1 од ЗАВМУ, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 27-ми октомври 2023 г., изврши редовен програмски надзор, при што констатираше дека на 5-ти октомври 2023 г. телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје

– Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5) емитуваше 8 часа 49 минути и 15 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 37.07% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 47 минути и 32 секунди). Законскиот минимум од 40% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 5-ти октомври што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:47:32), е 9 часа и 31 минута. ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), емитуваше за 41 минута и 45 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3912/1 од 27.10.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), на 31.10.2023 г., испрати Допис арх.бр.10-3912/2 од 31.10.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3912/1 од 27.10.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот, на 31.10.2023 г., за што во предвидениот рок ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ, наш арх.бр.10-3912/3 од 03.11.2023 г. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 10.11.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување и заклучи на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 92 став 1 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3912/1 од 27.10.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 36-та седница одржана на 10.11.2023 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-4077/7 од 10.11.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5) и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3912/1 од 27.10.2023 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5);
- Директорот на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5);
- Одговорното лице на програмата во ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5);
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

27.10.2023
10 3912 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Петтиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5)

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 октомври 2023 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 октомври 2023 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија)

- **Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз Петтиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), емитуван на 5 октомври 2023 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да

емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.).

Со надзорот е констатирано дека на 5 октомври 2023 година, Петтиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), емитуваше 8 часа 49 минути и 15 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 37.07% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 47 минути и 32 секунди). Законскиот минимум од 40% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 5 октомври што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:47:32), е 9 часа и 31 минута. Петтиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), емитуваше за 41 минута и 45 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, Петтиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5), на 5 октомври 2023 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Петтиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Петти програмски сервис (МРТ5) и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*